Врз основа на член 129 и 130 од Законот за основното образование, Сл. Весник на Р. Македонија бр.161/19 од 05.08.2019 година, Комисијата за спроведување на самоевалуација изготви

**И З В Е Ш Т А Ј**

за извршена самоевалуација на ООУ „Христијан Карпош“ Куманово
(2017 - 2019 година)

Во согласност со Законот, Училишниот одбор, а по предлог на директорот на ООУ „Христијан Карпош“ Куманово, Лидија Костиќ, на својата седница одржана на 5.12.2019 год. донесе Одлука за спроведување на самоевалуација на работата на Училиштето и формира Комисија во состав:

Координатор за спроведување и изработка на самоевалуација:
Александра Павловска - одделенски наставник
Членови на комисија за спроведување и изработка на самоевалуација:
1. Лидија Костиќ - Директор
2. Јадранка Арсовска – психолог
3. Елизабета Радуловска – педагог
4. Ана Мирчевска Фуртула - претседател на Советот на родителите

Координатори на тимовите за самоевалуација

1. Весна Алексова
2. Александра Павловска
3. Билјана Петровска
4. Валентина Стошевска
5. Александра Стаменовска
6. Дејан Левковски
7. Ненад Ѓорѓиевски

Основа за вршење на самоевалуацијата беа Индикатори за квалитетот на работата на училиштата пропишани од МОН и изготвени од ДПИ и Правилник за начин и области за вршење на самоевалуација на основните училишта, Сл на РМ бр.10/2014 год.

Врз основа на Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата утврдени се јаките и слабите страни во работата на Училиштето и утврдени се дополнителни дејствија од седум сите подрачја.

Утврдени дополнителни дејствија по подрачја:

1. **Наставни планови и програми**:

- Изготвување на процедура за поголема информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми, а што воедно ќе придонесе за интегрирање на општите (меѓупредметните) цели во наставата;
- Обука на наставниците за работа со деца со посебни потреби и за изработка на индивидуализирани образовни програми;
- Набавка на современи нагледни наставни средства и помагала (меѓу кои и печатач и копир за изработка на планирањата и тестовите на наставниците)

2. **Постигнувања на учениците:**

- Продолжување на практика за правење на споредбени анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишниот, анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво;
- Одредување на финансиски средства за учество на натпревари и конкурси;
- Уведување на внатрешни политики и правилници за почесто наградување на учениците и наставниците (за поголема видливост и мотивација на истите):
- Доекипирање на Тим за инклузивно образование кој ќе помогне во работата со учениците со посебни потреби и организирање на обуки за работа со деца со посебни потреби;
- Изработка на мерни инструменти или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.

3. **Учење и настава**

    - Потреба од воспоставување на систем за оспособување на наставниот кадар за работа со ученици со посебни потреби или со пречки во развојот.
    - Потреба од воспоставување на процедура за унапредување на работата на Стручните активи во предметна настава.
    - Потреба од дефектолог и логопед.
    - Потреба од изнаоѓање интерни начини, проекти или спонзорства за подобрување на училишната инфраструктура и инвентар.

4. **Поддршка на учениците**:

- Осовременување на наставата со снабдување на поголем број наставни средства и помагала и опремување на кабинети и кабинетска опрема.
- Вклучување на поголем број на вработените во обуки за постапување во случај на елементарни непогоди.
- Вклученост на поголем број на наставници на обуките за деца од ранливи групи (ученици со ПОП, социо-емоционални, интелектуални и др. вид проблеми) и реализирање на дисиминација на истите.

5. **Училишна клима**:

- Поголема инволвираност на родителите во воспитно-образовниот процес и воннаставните активности на училиштето.

- Соработка со локалната заедница преку организирање практична настава.
- Вклучување на волонтери од локалната заедница во вонаставните активности на училиштето.

6. **Ресурси:**

- Проширување на училишната зграда, како и уредување на училишните дворови со спортски игралишта и оградување на дворот во централното училиште и подрачното училиште во нас.Иго Тричковиќ.
- Пренаменување на една просторија во медиотека.
- Континуирано стручно усовршување на наставниците, посета на семинари, обуки итн.
- Континуирано набавување и обновување на наставните средства и помагала по сите предмети.

7. **Управување, раководење и креирање политка**

- Потреба од изготвување на правилници со кои ќе се следи и анализира професионалниот развој на вработените, успехот учениците и стручната служба
- Изработка на правилници за начинот на изведување на дисиминации
- Пропишување на начин на кој училишниот одбор ќе ги известува наставниците за својата работа